До

______________________________________

______________________________________

**Предмет: ПОКАНА ЗА ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ВАШЕТО УЧИЛИШТЕ ПРЕКУ ОБЈАВА НА ТЕКСТ ВО СПИСАНИЈАТА ЗА УЧЕНИЦИ „МИНИ ЛИБИ“ И „ЛИБИ“**

Почитувани,

Како што сте веќе запознаени, од април годинава почнаа да излегуваат од печат две училишни списанија – „Мини ЛИБИ“ (за ученици од 1 до 3 одделение) и „ЛИБИ“ (за ученици од 4 до 6 одделение), во издание на редакцијата Либи, која е дел од издавачката куќа Арс Ламина - публикации. Идејниот концепт на списанијата е да бидат извор на знаења за учениците и корисен дополнителен ресурс за наставниците по сите предмети што се изучуваат во овие одделенија, а ги покриваат наставните цели и содржините предвидени со програмите на сите предмети за овие одделенија.

Во рамките на списанијата, отворивме и рубрика со наслов „Брависимо“, која им е посветена на училиштата, учениците и нивните тековни успеси. Би сакале да ве поканиме да ги споделите вашите најнови постигнати успеси како училиште (проекти, манифестации и сл.), освоени награди, но и индивидуалните успеси на вашите ученици (на општинските и државните натпревари, но и други нивни успеси – ликовни и литературни конкурси, успеси и награди во музика, спорт итн.), секако проследени и со лична карта на училиштето.

Материјалот кој треба да го подготвите треба да биде краток и концизен – да вклучува податоци за лична карта на училиштето, текст кој ќе се фокусира на претставување на најголемите успеси на училиштето и/или учениците (проект, манифестација, награди и сл.) и неколку фотографии. Дополнително, можете да ни испратите и продолжен текст со уште информации од бараните, дополнителни фотографии, видео материјал и сл., материјали кои ќе бидат објавени во целост на нашата интернет страница www.libi.mk. Нашиот уредувачки тим ќе се погрижи за финалниот изглед на рубриката (содржински и графички), како и за лектурата и коректурата на евентуалните правописни недоследности.

Вашите материјали испратете ги на адреса bravisimo@libi.mk. Во прилог ви доставуваме и прецизни насоки за подготовка на текстот и на содржините, а сите дополнителни информации и прашања слободно контактирајте нè!

Се надеваме на добра соработка!

Со почит,

Арс Ламина Публикации

Редакција ЛИБИ, дел од Арс Ламина публикации
Св. Кирил и Методиј бр. 50, VI кат, Скопје | 02 3124 227 | info@arslamina.com | www.arslamina.com